Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

# КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР

# ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

# ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА


2017

Биро за јавни набавки - Министерство за финансии

# БРОШУРА - КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Сектор за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи

**2017**




За евалуација, односно за оцена на понудите се користи критериумот за доделување на договорот за јавна набавка. Објавувањето на овој критериум во огласот и во тендерската документација се врши со цел да се обезбеди транспарентна, објективна и ефикасна евалуацијата на понудите.

При тоа, од особено значење е да се направи разлика помеѓу критериумите за утврдување на способност (односно, критериумите со кои се евалуира способноста на понудувачите) и критериумите за доделување на договорот за јавна набавка (критериуми со кои се евалуираат прифатливите понуди).

Издавач: Биро за јавни набавки- Министерство за финанасии

Печати и изработува: Винсент Графика – Скопје

Тираж: 500

**КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

**ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ**

**ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

Скопје: Биро за јавни набавки 2017

ISBN 978-608-4618-13-3

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

35.073.53(497.7)(035)

КРИТЕРИУМИ за доделување на договор, Евалуација на понудите, Доделување на договор за јавна набавка. - Скопје : Биро за јавни набавки, 2017. - 35 стр. : илустр. ; 22 см

ISBN 978-608-4618-13-3

а) Јавни набавки - Евалуација на понуди - Македонија - Прирачници

COBISS.MK-ID 102419466

Сите права се заштитени. Ниту еден дел не смее да биде публикуван или репродуциран без претходна писмена согласност на издавачот.

## Вовед

За оценка, односно за евалуација на понудите се користат критериумите за доделување на договорот за јавна набавка. При тоа, треба да се направи разлика помеѓу критериумите за утврдување на способност (односно, за евалуација на понудувачите) и критериумите за доделување на договорот за јавна набавка (односно, за евалуација на понудите). Со критериумите за утврдување на способност се оценува способноста, односно квалификуваноста на економските оператори да го реализираат договорот во согласност со барањата на договорниот орган, додека со критериумите за доделување на договорот се оценуваат финансиските и техничките понуди на способните понудувачи.

Критериумот за доделување договор за јавна набавка се објавува во огласот, а истовремено се наведува и во тендерската документација. Целта на утврдување на критериумот и неговото објавување е да се обезбеди транспарентна, објективна, ефективна и ефикасна евалуацијата на понудите.

Утврдениот критериум за доделување на договор за јавна набавка кој е објавен во огласот не смее да се менува во текот на постапката и тој треба да кореспондира со критериумот разработен во тендерската документација.

Само прифатливите понуди се оценуваат во согласност со избраниот критериум за доделување на договор.

# 1. Кои се критериуми за доделување на договорите за јавна набавка?

## 1.1. Најниска цена

Критериум за доделување на договор за јавна набавка е најниска цена.

По исклучок, критериум за доделување на договор за јавна набавка може да биде економски најповолна понуда и тоа кај набавката на консултантски и други услуги од интелектуален карактер, како и во случаи каде што заради специфичност на предметот на договорот не е можно прецизно да се утврди квалитетот или други елементи како минимални услови од техничките спецификации.



Овој критериум задолжително се користи кога како постапка преку која ќе се додели договорот за јавна набавка се спроведува конкурентен дијалог, како и во постапка во која е дозволено доставување на алтернативни понуди.

Измените на Законот за јавните набавки од 2014 година, предвидоа најниската цена да биде единствен критериум за доделување на договорите за јавни набавки. Така, договорните органи најниската цена ја користат по правило, а критериумот економски најповолна понуда може да го користат само по исклучок.

Без сомнение критериумот најниска цена е најобјективен критериум за доделување на договорите. Имено, кога го користат овој критериум договорните органи освен условите и барањата наведени во техничките спецификации кои се елиминаторни, не утврдуваат други квалитативни елементи кои ќе ги оценуваат во фазата на евалуација. Со тоа, евалуацијата на понудите е пообјективна и поедноставна, но квалитативните елементи се ограничени на тоа што е предвидено во техничките спецификации како минимални услови. Сепак, договорниот орган при користење на овој критериум треба да внимава и да обезбеди описот на бараните минимални карактеристики на предметот на набавка да нуди одреден прифатлив квалитет, функционалност и економичност по прашање на оперативните трошоци, рок на испорака и слично. Праксата покажува дека овој критериум е практичен во случај кога се набавуваат поедноставни производи, односно производи за широка потрошувачка каде лесно и прецизно може да се дефинираат нивните технички карактеристики, а со тоа и минималниот квалитет што се бара. Но, истиот тешко би можел да се користи за евалуација на пософистицирани услуги, работи и стоки. Ако техничките спецификации не се доволно прецизно и добро дефинирани, постои опасност од избирање на најевтината понуда, но со незадоволителен квалитет и функции, што дополнително би ги зголемиле трошоците на договорните органи.



Треба да се има предвид дека критериумот најниска цена не се изразува во бодови, односно комисијата нема потреба да ги изразува добиените цени од понудите во бодови и на тој начин да врши рангирање на понудите. Рангирањето на понудите се врши директно според добиените цени. Понудувачот кој поднел прифатлива понуда со најниска цена мора да биде избран за носител на набавката.

## 1.2. Економски најповолна понуда

Критериумот економски најповолна понуда како што е кажано погоре, може да се користи само по исклучок. Имено, Законот предвидува услови кои треба да бидат исполнети за да се смета дека постои исклучителен случај за користење на овој критериум.

Така, економски најповолна понуда може да се користи само кај набавката на консултантски и други услуги од интелектуален карактер, како и во случаи каде што заради специфичност на предметот на договорот не е можно прецизно да се утврди квалитетот или други елементи како минимални услови од техничките спецификации. По правило, економски најповолна понуда се користи кај постапката со конкурентен дијалог и ако се дозволени алтернативни понуди.

Кога договорниот орган како критериум за доделување на договорот ќе одбере економски најповолна понуда, во огласот ги наведува елементите и бодовите кои тие ги носат, додека во тендерската документација истите треба да ги разработи на поделементи како и да го наведе начинот на нивна евалуација. Елементите од кои ќе се состои овој критериум, односно кои ќе се бодуваат мора да бидат објективни и адекватни за идентификација на економската предност и што е можно померливи.




Треба да се има предвид дека најекономична понуда секогаш не значи и најевтина. Добивањето на најголема вредност за потрошените пари значи да се набави: потребната количина, со најдобар квалитет, по најниска цена, во вистинско време.

Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) го овозможува поддржува користењето на двата критериуми. Во случај договорниот орган да користи економски најповолна понуда (ЕНП), тогаш предмет на електронската аукција ќе биде само цената, додека другите елементи ќе треба да се евалуираат однапред и истите остануваат непроменети за време на аукцијата.

Кога договорниот орган како критериум за доделување на договорот ќе одбере економски најповолна понуда, во огласот ги наведува елементите и бодовите кои тие ги носат, додека во тендерската документација истите треба да ги разработи на поделементи како и да го наведе начинот на нивна евалуација. Елементите од кои ќе се состои овој критериум, односно кои ќе се бодуваат мора да бидат објективни и адекватни за идентификација на економската предност и што е можно померливи.

Ако критериум за доделување на договорот е економски најповолна понуда, најповолна понуда е онаа што ќе добие најголем број бодови од различните елементи кои носат соодветен број на максимални бодови. Секој елемент кој се бодува треба да биде директно поврзан со предметот на договорот. При користење на критериумот економски најповолна понуда, секој елемент добива одреден максимален број на бодови во опсег од 1 до 100, кои понатаму се распределуваат на секој поделемент во рамки на елементот. Вкупниот збир на бодови на сите елементи треба да изнесува 100, а истите се наведуваат редоследно според нивната важност.

При користење на критериумот економски најповолна понуда, договорниот орган може да земе предвид и други фактори освен цената, на пример карактеристики на квалитет, животен век на производите, оперативни трошоци, време на испорака и др.

Елементи на критериумот економски најповолна понуда можат да бидат цената, карактеристиките на квалитетот, техничките и функционалните карактеристики, еколошките карактеристики, оперативните трошоци, економичноста, постпродажните услуги и техничката поддршка, времето на испорака или извршување или други важни елементи за евалуација на понудите.

Во меѓународната пракса овој критериум се користи при доделување на многу договори, особено оние кои имаат специфичен и сложен предмет на набавка. Имено, во овој случај, не е соодветно понудите да се споредуваат само во однос на цената. Од друга страна кај некои договори, на пример кај интелектуалните услуги, неценовните елементи како што е квалитетот може да бидат поважни од самата цена.

Внимание!!! Договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе поделементите на секој елемент одделно како и начинот на нивно пресметување и бодување.

При изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови, договорните органи се обврзани да ја почитуваат методологијата која како подзаконски акт ја пропишува министерот за финансии.

# БРОШУРА - ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

Сектор за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи

**2017**




За евалуација, односно за оцена на понудите се користи критериумот за доделување на договорот за јавна набавка. Објавувањето на овој критериум во огласот и во тендерската документација се врши со цел да се обезбеди транспарентна, објективна и ефикасна евалуацијата на понудите.

При тоа, од особено значење е да се направи разлика помеѓу критериумите за утврдување на способност (односно, критериумите со кои се евалуира способноста на понудувачите) и критериумите за доделување на договорот за јавна набавка (критериуми со кои се евалуираат прифатливите понуди).

## Вовед

Евалуација на понудите претставува процесот на оценување на понудите од страна на комисијата за јавна набавка, врз основа на барањата, критериумите и условите дефинирани во тендерската документација и огласот.

Процесот на евалуација на понудите се состои од неколку фази и тоа:

Проверка дали за некој од понудувачите е објавена негативна референца и доколку некој од нив има негативна референца, исклучување на неговата понуда од понатамошна евалуација;

Преглед на понудите со цел да се утврди дали истите ја имаат запазено формалната пропишана валидност и комплетност, односно да се утврди нивната прифатливост;

Квалификација на економските оператори, односно утврдување на нивната способност согласно со критериумите за утврдување на способност утврдени во огласот и тендерската документација;

Евалуација на техничките понуди и утврдување дали истите ги исполнуваат поставените технички барања и услови од тендерската документација и евалуација на финансиските понуди и утврдување на цената и другите финансиски услови.

Секако, евалуацијата на понудите се врши исклучиво со користење на критериумите наведени во тендерската документација и во огласот за доделување на договорот за јавна набавка и истата треба да резултира со изготвување на писмен извештај од спроведената постапка кој го содржи и предлогот за избор на најповолна понуда.

Воедно, треба да се има предвид дека во фазата на евалуација на понудите, како и во сите останати фази од постапката за доделување на договорот за јавна набавка треба да се почитуваат принципите пропишани во член 2 од Законот за јавните набавки.

## Што е евалуација на понудите

Евалуација на понудите претставува процесот на оценување на понудите од страна на комисијата за јавна набавка, врз основа на барањата, критериумите и условите дефинирани во тендерската документација и огласот.

Во фазата на евалуација влегуваат само оние понуди кои биле отворени на јавното отворање, односно кои навремено пристигнале кај постапката со барање за прибирање на понуди до 5.000 евра.

Задоцнетите понуди не се отвораат на јавното отворање и истите им се враќаат на понудувачите.

Евалуацијата на понудите се врши исклучиво со користење на критериумите наведени во тендерската документација и во огласот, кои не смеат да се менуваат штом се еднаш утврдени.

Кај набавка на консултантски услуги комисијата најпрвин ги евалуира техничките понуди, а по евалуацијата на техничките понуди во согласност со условите од тендерската документација, закажува јавно отворање на финансиските понуди на прифатливите понудувачи при што, сите понудувачи мораат да бидат известени за датумот, времето и местото на јавното отворање на финансиските понуди.

Треба да се има предвид дека набавката на консултантски услуги има одредени специфики кои треба да се имаат предвид при спроведување на постапката како и евалуацијата. Кај набавката на консултантски услуги, техничката и финансиската понуда се одвоени во посебни коверти, бидејќи техничкиот аспект на понудата има пресудна важност. Имено, начинот на изготвување и содржината на техничката понуда кај консултантските услуги се сосема поинакви од останатите услуги, како што се и техничките спецификации (кои се познати како проектни задачи) а и многу други елементи. За разлика од другите договори за јавни набавки, финансискиот аспект тука е помалку важен, а најмногу внимание се обрнува на техничкиот аспект на понудата (пристапот и методологијата за извршување на проектните задачи, квалитетот на тимот што се нуди и слично). Кај консултантските услуги, утврдувањето на способноста не може да се однесува на техничката опременост на економскиот оператор (на пример колку машини има, каква друга опрема и слично), туку на неговото искуство и знаење.

## Обврски на комисијата за јавна набавка во фазата на евалуација

Комисијата за јавна набавка, во зависност од постапката за доделување на договорот за јавна набавка, меѓуостанатото ги врши и следниве работи: утврдување на способноста на економските оператори, утврдување на

избрани кандидати, проверување на техничките понуди поднесени од понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации или од описната документација, проверување на финансиските понуди поднесени од понудувачите во врска со цената, соодветни финансиски и други услови утврдени со тендерската документација, утврдување на неприфатливи понуди, како и причините заради кои тие понуди се сметаат за неприфатливи, утврдување на прифатливи понуди, предлагање на најповолната понуда и подготвување на извештај за спроведената постапка. Со други зборови, Комисијата ја врши евалуацијата на понудите.

Евалуацијата на понудите во принцип се состои од повеќе фази.

Пред да пристапи кон евалуација на понудите, Комисијата задолжително проверува дали е објавена негативна референца на понудувачите кои учествуваат во постапката и доколку некој од нив има негативна референца, неговата понуда ќе ја исклучи од натамошна евалуација, а истото соодветно го документира и станува дел од досието на постапката. Комисијата треба да ги има предвид оние негативни референци кои се издадени до моментот на јавното отварање, односно до крајниот рок за поднесување на понудите.

По проверката дали понудувачите имаат негативна референца, Комисијата потоа ја проверува комплетноста и валидноста на документите само на понудувачите за кои не е објавена негативна референца.

Оваа проверка комисијата е должна да ја изврши во рок од пет работни дена од крајниот рок за поднесување на понудите, односно десет работни дена кај набавките со процената вредност над 1 милион евра.

## Барање за појаснување и дополнување

Во случај кога некој понудувач не доставил одреден документ за утврдување на способност што се барал со тендерската документација, или пак таквиот документ е доставен но од одредени причини е невалиден, се поставува прашањето како да се постапи во оваа ситуација? Дали истото треба да доведе до автоматско отфрлање на понудата?

Во ваков случај, законот ја обврзува Комисијата да побара од понудувачот истиот да ја појасни и/или дополни потребната документација во врска со способноста и тоа во рок кој не смее да е покус од пет работни дена, односно три работни дена кај постапката со барање за прибирање понуди од денот на приемот на барањето за појаснување или дополнување на документацијата од страна на понудувачот. Воедно, комисијата треба да внимава со бараните појаснувања или дополнувања да не создава предност во корист на одреден економски оператор.

Договорниот орган има можност и при евалуација на техничката и финансиската понуда да бара одредени појаснувања но при тоа не смее да бара, нуди и допушта да се вршат промени на веќе дадената техничка и финансиска понуда. До корекција на финансиската понуда може да дојде само во случај на исправка на аритметичка грешка. Бараното објаснување понудувачот го доставува во писмена форма или електронски во рокот кој го определил договорниот орган.

Под аритметички грешки во смисла на законот се подразбираат грешки кои се содржани во понудата, а се однесуваат на печатни грешки, правописни грешки, грешки поврзани со математичките функции и сл., односно грешки кои се направени при подготовка на понудата. За правилна примена на одредбата 140 став 4 од законот, од суштинско значење е договорниот орган однапред во тендерската документација да го наведе начинот на кој ќе ги врши исправките на аритметичките грешки. Имајќи предвид дека Законот за јавните набавки не пропишува правила за корегирање на аритметички грешки, пожелно е да се користат оние кои се прифатени во меѓународната пракса. Такви се на пр.: во случај на несовпаѓање меѓу зборовите и бројките, преовладува износот што е напишан со зборови, или ако постои разлика помеѓу единечната цена и вкупната цена, тогаш преовладува

единечната цена и сл. Ова е соодветен начин на кој може да се изврши промена на цените и при тоа, ваквата измена може да ја изврши единствено комисијата за јавна набавка. Оттука, од особено значење е во самата тендерска документација договорниот орган да го наведе начинот на утврдување и постапување во случај на аритметичка грешка.

НАПОМЕНА!!! Во случај кога се бара гаранција на понудата истата се доставува заедно со понудата во оригинална форма и во висина која што ја побарал договорниот орган како процент на понудата. Иако во фазата на евалуација комисијата може да направи корекција на аритметичка грешка и/или да побара дополнување на документацијата за утврдување на способноста, ова не се применува кога недостасува гаранција на понудата или истата е со пониска вредност. Оттука, доколку по направената корекција на аритметички грешки, дојде до несовпаѓање помеѓу вредноста на понудата и гаранцијата, комисијата за јавни набавки треба ваквата понуда да ја отфрли како неприфатлива.

Во одредени постапки договорниот орган може да дозволи некои делови од техничката понуда како што е оригинална техничка документација, да се достават на странски јазик на кој ваквата техничка документација е изготвена. Меѓутоа, во фазата на евалуација комисијата може да заклучи дека е потребно делови од техничката документација да се преведат на македонски јазик како би се олеснила нивната евалуација.

Откако ќе заврши со утврдување на формалната исправност на понудите како и на квалификациите на понудувачите, Комисијата треба да изврши оценка на техничките и финансиските понуди. Оние понуди кои се оценети како неприфатливи не одат во натамошниот тек на евалуација, без оглед на тоа во која фаза од евалуацијата е утврдено дека понудата е неприфатлива. При тоа, при утврдување на прифатливоста на понудите, комисијата треба да појде од дефиницијата за „прифатлива понуда“.

Имено, прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, услови и евентуални барања за способноста на понудувачите.

ПРЕПОРАКА: Доколку постои сомнеж дека некоја  од понудите има невообичаено ниска

цена, договорниот орган пред да ги испрати поканите за електронска аукција, треба да постапи согласно со член 163 од законот (бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите кои се доставени за оправдување на цената). Оваа препорака е од исклучителна важност во фазата на евалуација, од причина што доколку понудата со невообичаено ниска цена не е отфрлена пред електронската аукција, постои ризик по завршување на истата да се добијат понуди со уште пониски и понереални цени.

## Завршување на евалуацијата

Евалуацијата на понудите завршува со рангирање на прифатливите понуди и давање на предлог од страна на Комисијата за избор на најповолна понуда. Предлогот се доставува до одговорното лице кое треба да ја донесе одлуката за избор.

Сите информации поврзани со фазата на евалуација, Комисијата ги наведува во извештајот од спроведената постапка, кој го содржи и предлогот за избор.

Некогаш може да има различни мислења кај членовите на Комисијата за јавна набавка во однос на тоа која понуда нуди најдобри услови, особено кај елементот квалитет кој може да има одредена доза на субјективност при оценувањето. Во таков случај, членовите на комисијата кои не се согласуваат со предлогот за избор на најповолна понуда, ги изнесуваат своите ставови во писмена форма подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка.

## Повторна евалуација

Во случај кога Државната комисија ја прифаќа поднесената жалба и постапката ја враќа на повторна евалуација, комисијата е должна истата да ја изврши во рок од пет работни дена.

Во случај кога Државната комисија ја прифаќа поднесената жалба и постапката ја враќа на повторна евалуација, комисијата е должна истата да ја изврши во рок од пет работни дена.

Во овој рок од пет работни дена, комисијата е должна да ја изврши повторната евалуација но истовремено и до одговорното лице да поднесе предлог за избор или за поништување на постапката. Поради наведеново, со цел да го запази наведениот рок, комисијата веднаш по добивање на решението треба да пристапи кон повторна евалуација. Во овој рок не е засметан рокот за спроведување на електронската аукција.

За непочитување на наведениов рок, предвидена е кривична одговорност.

Доколку Државната комисија за жалби со решение го задолжи договорниот орган да изврши повторна евалуација, комисијата задолжително бара продолжување на рокот на важност на понудите во случај доколку на истите рокот за важност е истечен.

Со оваа одредба се спречуваат случаите на намерно тактизирање и чекање да измине рокот на важност на понудите со цел да се поништи постапката.

## Евалуација кај другите постапки

При евалуација на пријавите за учество и понудите кај ограничената постапка, постапката со преговарање и конкурентниот дијалог, комисијата соодветно ги применува одредбите од член 140 од законот.

Имено, процесот на евалуација кај другите постапки се врши на сличен начин, со тоа што предвид треба да се имаат спецификите кои постојат кај секоја постапка. На пример, кај ограничената и другите постапки со претквалификација, способноста се утврдува во претходната фаза, а во втората фаза се врши евалуација на техничката и финансиската понуда.

Од погоренаведените причини се упатува на соодветна примена на членот 140 во зависност од видот на постапката.

## Извештај од спроведената постапка

Комисијата за јавна набавка, евалуацијата на понудите ја завршува со изготвување на писмен извештај од спроведената постапка кој го содржи и предлогот за избор на најповолна понуда.

Извештај од спроведената постапка се изготвува во отворена постапка, ограничена постапка, постапка со преговарање со и без претходно објавување и постапка со конкурентен дијалог.

Сепак, треба да се имаат предвид и одредбите кои ја регулираат постапката со барање за прибирање на понуди. Така, член 100 став 2 од законот предвидува при спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди соодветно да се применуваат одредбите од Законот, освен ако во тој дел поинаку не е уредено. Тоа е општо повикување за сите оние случаи кои не се одделно регулирани во делот 6 од Глава V од законот со кој се уредува оваа постапка.

Извештајот од спроведената постапка треба да ги содржи следниве информации: име и адреса на договорниот орган, предмет и проценета вредност на договорот за јавна набав-

ка или рамковната спогодба, име на избраните кандидати или понудувачи и образложение за нивниот избор, име на кандидатите или понудувачите чиишто пријави за учество или понуди се отфрлени и причините што довеле до нивно отфрлање, причини за одбивање на понудите со невообичаено ниска цена и име на понудувачот или понудувачите чија понуда е избрана за најповолна и начинот и причините за извршениот избор.

Воедно, треба да се има предвид дека извештајот за оценување на способноста на кандидатите кај ограничената постапка, конкурентниот дијалог и постапката со преговарање со претходно објавување на оглас е составен дел од извештајот за спроведената постапка.

Погореизнесеното значи дека извештајот за оценување на способноста се изготвува на крајот од првата фаза од ограничената постапка, постапката со преговарање со претходно објавување и конкурентниот дијалог, а по завршување на евалуацијата на понудите комисијата го прикачува како прилог на извештајот од спроведената постапка. На тој начин, извештајот од спроведената постапка претставува документ кој дава целосна слика на дејствијата што биле преземени во сите фази од постапката.

Доколку постапката се спроведува со користење на електронски средства, односно преку ЕСЈН, системот обезбедува соодветна можност за документирање на целата постапка, како што е случај и кај хартиената форма. ЕСЈН има вакви можности и ги евидентира сите дејствија што различните корисници кај договорниот орган и економските оператори ги презеле во текот на постапката.

При избор на најповолна понуда, одговорното лице е должно да го прифати извештајот на комисијата во кој е содржан предлогот за избор на најповолна понуда, освен ако утврди дека предлогот е изготвен спротивно на одредбите на овој закон.

Одлуката за избор на најповолна понуда ја носи одговорното лице кај договорниот орган или лицето кое е овластено од одговорното лице да носи вакви одлуки.

Формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка се пропишани од страна на министерот за финансии.

Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

Со оваа одредба треба да се разјаснат одредени дилеми кои се јавија во однос на правото на увид. Па така, јасно се става до знаење дека понудувачите што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка, при што договорниот орган треба да води сметка да не ги става на увид оние делови кои содржат информации што понудувачите ги означиле како деловна тајна.

## Прифатлива и соодветна понуда

Како што е кажано погоре, комисијата неприфатливите понуди нема да ги евалуира. При утврдување на прифатливоста на понудите, комисијата треба да појде од дефиницијата за „прифатлива понуда“. Секако, не помалку значајна е и дефиницијата на соодветна понуда.

„Прифатлива понуда“ е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, услови и евентуални барања за способноста на понудувачите.

„Соодветна понуда“ е прифатлива понуда која е во рамките на износот што го утврдил договорниот орган со одлуката за јавна набавка или што може да го дообезбеди. Доколку во текот на постапката за доделување на договор за јавна набавка, најповолната прифатлива понуда согласно со условите на постапката е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката, договорниот орган може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот, под услови понудената цена да не е понеповолна од реалните цени на пазарот и да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката согласно со закон.

**БРОШУРА – ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

Сектор за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи

**2017**



Изборот на најповолна понуда се врши со одлука на договорниот орган. Имено, одговорното лице кај договорниот орган или лицето овластено од него, ја носи одлуката за избор на најповолна понуда.

## Вовед

При избор на најповолна понуда одговорното лице е должно да го прифати извештајот на комисијата, во кој е содржан предлогот за избор на најповолна понуда. Така изборот на најповолна понуда се врши со одлука на договорниот орган, односно  одговорното лице кај договорниот орган или лицето овластено од него.

Треба да се има предвид дека на успешното завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка и претходат неколку активности:

- Прецизно, сеопфатно и објективно планирање. Препорачливо е планирањето да биде извршено од стручните односно техничките служби на договорниот орган кои треба во предвид да ги имаат реалните потреби за правилно и непречено функционирање на истиот. При тоа, од суштинско значење е да се земе предвид реализацијата на годишните планови за јавни набаваки од претходните години, како и искуството од извршувањето на склучените договори за ист или сличен предмет на набавка;

- Подготовка на тендерската документација. Препорачливо е документацијата да биде изготвена од стручни лица и во неа јасно да се дефинира опфатот на стоките, услугите или работите што треба да се набават, минималните критериуми кои треба да ги задоволат економските оператори, правата и обврските на економскиот оператор и договорниот орган и сите останати услови што треба да ги задоволат понудите за да се сметаат за прифатливи;

- Евалуација, оценка на понудите. Евалуацијата на понудите од страна на комисијата треба да се врши во согласност со барањата наведени во тендерската документација;

Може да се заклучи дека правилното и законското спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка која треба да резултира со доделување на договор за јавна набавка зависи од сите погоренаведени активности: планирањето, подготовката на тендерската документација, евалуацијата на понудите па се до доделување на самиот договор за јавна набавка.

Прецизното, сеопфатно и објективно планирање на потребите од стоки, услуги или работи извршено врз основа на тековните потреби на договорниот орган базирано на плановите на стручните служби и податоците од изминатите периоди е од суштинско значење за правилно и непречено функционирање на субјектот и негово редовно и без кусоци снабдување со потребните набавки. Со оглед на тоа дека единствен субјект кој најдобро, целосно и сеопфатно ги знае своите потреби е самиот договорен орган, односно неговите стручни или технички служби, за планирањето на потребите од набавки и за правилното спроведување на соодветната постапка за доделување на договор за јавна набавка - единствена одоговорност сноси договорниот орган. Оттука, правилното и законско спрове-

дување на постапките за доделување на договори за јавна набавка почнувајќи од подготовката на тендерската документација, преку евалуацијата на понудите до доделувањето на самиот договор за јавна набавка е исклучиво одговорност и задолжение на договорниот орган кој таа постапка ја започнал.

Врз основа на критериумот за доделување на договорот. Како што е наведено и погоре, се евалуираат само оние понуди на понудувачите кои ги исполнуваат пропишаните критериуми за утврдување на способност, како и другите услови и барања кои договорниот орган ги навел во тендерската документација.

## 1. Доделување на договор за јавна набавка




Врз основа на критериумот за доделување на договорот утврден во огласот и во тендерската документација, договорниот орган ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука, ако понудувачот чија понуда е најповолна ги исполнува пропишаните критериуми за утврдување на способноста.

Одлуката за избор на најповолна понуда ја носи одговорното лице кај договорниот орган или лицето кое е овластено од одговорното лице да носи вакви одлуки.

Исто така, во одлуката за избор треба да се констатира и фактот доколку одреден економски оператор ги исполнува условите за издавање негативна референца во текот на постапката. Кај набавките што се спроведуваат со електронски средства, одговорното лице одлуката за избор ја потпишува електронски, поради што е неопходно да има дигитален сертификат.

Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, односно пријавите за учество.

Службеникот за јавни набавки има обврска да следи дали се почитува овој рок и да им укажува на комисијата и на одговорното лице, за потребата од почитување на истиот. Непочитувањето на оваа обврска, од друга страна, може да резултира со вложување жалба, при што Државната комисија може да му наложи на договорниот орган да ги преземе дејствијата, односно во одреден рок да ја завршат постапката.

Внимание!!! Рокот во кој понудувачот треба да ја појасни или дополни документацијата не треба да се засметува во рокот за донесување на одлука за избор или за поништување на постапката. Истото важи и за сите други случаи каде се чека преземање одредено дејствие од други субјекти, а не од договорниот орган.

## 2. Невообичаено ниска цена

Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека договорот ќе биде извршен, договорниот орган од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата.

Невообичаено ниска цена би била онаа која е значително пониска од пазарната и на тој начин предизвикува сомнеж дека конкретниот понудувач ќе може да го изврши договорот во согласност со барањата на договорниот орган наведени во тендерската документација.

Сепак, цената може да е ниска од повеќе причини, на пример поради субвенција или поволни комерцијални услови и слично. Затоа, договорниот орган може да ја отфрли понудата која има невообичаено ниска цена, но само откако ќе преземе мерки да потврди дека тоа е навистина така.

Договорниот орган ги зема предвид доказите што ги доставил понудувачот, особено во однос на:

- економската основа за формирање на цената којашто го одразува производствениот процес или дадените услуги,
- избраните технички решенија или кои било други особено поволни услови кои понудувачот ги има на располагање за извршување на работите, или за обезбедувањето на стоките или услугите,
- оригиналноста на стоките, услугите или работите понудени од страна на понудувачот,
- почитување на прописите за заштитата при работа и работните услови при извршувањето на работите, обезбедувањето на услугите или доставувањето на стоките и
- можноста понудувачот да користи државна помош.

Имено, понудувачот треба на договорниот орган да му ги достави бараните информации на задоволителен начин, а со цел да докаже дека цената е оправдана и одржлива. При тоа, договорниот орган врз основа на доставените информации ќе треба да одлучи дали истите ја оправдуваат понудената цена или не. Ако договорниот орган ги прифати дадените објаснувања тоа значи дека и дава на таа понуда еднаков третман како и на останатите понуди и ги оценува на ист начин. Договорниот орган може и да ја отфрли ваквата понуда ако смета дека образложението е несоодветно и неоправдано. Во овој случај, договорниот орган ќе треба по писмен пат да го извести понудувачот за причините поради кои неговата понуда е одбиена.

Ако договорниот орган утврди дека цената на понудата е невообичаено ниска, бидејќи

понудувачот добил државна помош, понудата може да ја одбие ако понудувачот во рок од три дена од денот на приемот на барањето зана дополнителни појаснувања не докаже дека државната помош му била законски доделена.

Договорниот орган ќе треба да го извести Бирото за јавни набавки за секој случај на отфрлање на понудата по оваа основа.

## 3. Склучување на договорот за јавна набавка



По донесувањето на одлуката за избор на најповолен понудувач, договорниот орган пристапува кон склучување на договорот за јавна набавка со што се финализира самата постапка.

Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и финансиската понуда во рокот на важност на понудата.

Склучениот договор треба да соодветствува со условите дефинирани од договорниот орган во огласот и во тендерската документација и со понудата на избраниот понудувач. Треба да се има предвид дека договорот кој ќе биде склучен спротивно на бараното во тендерската документација и понуденото со понудата ќе значи кршење на принципите на Законот за јавните набавки.

Внимание!!! Договорот мора да се склучи во рамки на периодот на важност на понудата. Ако валидноста на понудата измине, економскиот оператор не е обврзан со нејзината содржина.

Ако избраниот понудувач се откаже од склучување или извршување на договорот, договорниот орган може да го склучи со следниот рангиран понудувач или да ја поништи постапката.

Сепак, оваа можност не треба секогаш да се искористува, од причина што понудите на нареднорангираните понудувачи може да се прескапи и нивните услови да не одговараат на реалните пазарни услови. Оттука, самиот договорен орган треба да оцени дали понудите на следно рангираните понудувачи се поповолни во однос на пазарните услови и дали е поисплатливо да отпочне со нова постапка или да ја користи оваа можност.

Внимание!!! Договорниот орган има обврска да ја чува целокупната документација врз основа на која го извршил изборот на најповолна понуда.

## 4. Известување на кандидатите или понудувачите

Договорните органи имаат обврска да ги известат кандидатите, односно понудувачите, за одлуките кои ги донеле во текот на постапката за доделување на договор за јавна набавка. Така, договорниот орган ги известува економските оператори кои учествувале во постапката за:

- одлуката во врска со извршената претквалификација во првата фаза на ограничената постапка, конкурентниот дијалог и фазата на претквалификација во постапката со преговарање со претходно објавување на оглас,
- одлуката за избор на најповолна понуда, кај барањето за прибирање на понуди, отворената постапка, втората фаза на ограничената постапка, третата фаза од конкурентниот дијалог, крајот на постапката со преговарање со и без претходно објавување на оглас,
- одлуката за избор на економскиот(ите) оператор(и) кој е страна во рамковната спогодба или
- одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Известувањето се доставува во рок од три дена од денот на донесувањето на соодветната одлука, а во прилог на истото се доставува и примерок од соодветната одлука. Известувањето и одлуката се испраќаат истовремено до сите учесници во постапката за доделување на договор во писмена форма, што вклучува и користење на електронски средства.

Со цел известувањето да ги содржи сите информации кои согласно со законот треба да им се обезбедат на учесниците во постапката, формата и содржината на истото е пропишана од министерот за финансии.

Така, согласно со законот, секој неизбран кандидат во постапките со претквалификација се известува за причините за отфрлање на неговата пријава за учество; секој понудувач чија понуда е отфрлена за причините за отфрлање на неговата понуда, секој понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот. Дури и во случаите кога понудувачот е согласен со донесената одлука, тој ќе сака да ги знае причините за неизборот на неговата понуда со цел да ја подобри истата понудата во некоја идна можност и да го избегне повторувањето на некои грешки направени при нејзината подготовка. При тоа, договорниот орган треба да ги има предвид обврските за чување на деловните тајни на економските оператори и истите не треба да ги обелоденува во известувањето.

Известувањето се доставува во рок од три дена од денот на донесувањето на соодветната одлука, а во прилог на истото се доставува и примерок од соодветната одлука. Известувањето и одлуката се испраќаат истовремено до сите учесници во постапката за доделување на договор во писмена форма, што вклучува и користење на електронски средства.

Со цел известувањето да ги содржи сите

информации кои согласно со законот треба да им се обезбедат на учесниците во постапката, формата и содржината на истото е пропишана од министерот за финансии.

Така, согласно со законот, секој неизбран кандидат во постапките со претквалификација се известува за причините за отфрлање на неговата пријава за учество; секој понудувач чија понуда е отфрлена за причините за отфрлање на неговата понуда, секој понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот. Дури и во случаите кога понудувачот е согласен со донесената одлука, тој ќе сака да ги знае причините за неизборот на неговата понуда со цел да ја подобри истата понудата во некоја идна можност и да го избегне повторувањето на некои грешки направени при нејзината подготовка. При тоа, договорниот орган треба да ги има предвид обврските за чување на деловните тајни на економските оператори и истите не треба да ги обелоденува во известувањето.

## 5. Поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

Договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на договор за јавна набавка, ако:

- бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за доделување на договор за јавна набавка согласно со овој закон,

- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива,

- не е поднесена ниту една соодветна понуда во постапка каде што предметот на договорот е оформен во единствен дел, како и во постапките каде што предметот на договорот е оформен во повеќе делови и каде што може да се утврди соодветноста на понудите,

- се поднесени прифатливи понуди кои не можат да се споредат поради различниот пристап во техничките или финансиските понуди,

- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,

- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,

- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци, до моментот на отворање на понудите,

- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган или

- договорниот орган не може да изврши избор на најповолна понуда поради битни повреди на законот согласно со членот 210 од овој закон.

**<u>Првиот основ</u>** се користи во оние случаи кога нема пристигнато доволен број пријави за учество или бројот на избрани кандидати кои ја докажале својата способност е под минималниот број предвиден со овој закон. Овој основ е неприменлив ако е спроведена отворена постапка или барање за прибирање на понуди (во овие постапки не е предвиден минимален број на економски оператори).

**<u>Вториот основ</u>** се применува во оние случаи кога комисијата оценила дека не е поднесена ниту една понуда односно кога ниту еден понудувач не поднел прифатлива понуда.

**<u>Третиот основ</u>** е за ситуациите кога нема ниту една соодветна понуда кај оние постапки каде може да се утврди соодветноста на понудите. Кај постапките кои се неделиви и точно се знае кој е износот на средства што може да се потроши, како и кај делливите набавки каде во одлуката за јавна набавка вкупниот износ на средства е распределен по делови.

**<u>Четвртиот основ</u>** може да се примени во оние случаи кога објективно не е можно да се споредат добиените понуди поради различниот пристап во техничките или во финансиските понуди. Оваа ситуација најчесто се јавува по вина на самиот договорен орган доколку неправилно и недоволно прецизно ги дефинирал техничките спецификации или другите задолжителни услови во тендерската документација.

**<u>Петтиот основ</u>** се користи во случаи кога ќе настане непредвидена промена во буџетот на договорниот орган во текот на самата постапка. Имено, можеби ќе се јави потреба од прераспределба на средствата за други приоритети, или нема да се добијат планираните средства, или планираните средства ќе се намалат со ребаланс и слично. Се препорачува промената на планираните средства да се документира на некаков начин бидејќи во случај на жалба Државната комисија ќе бара доказ за настанатата состојба.

**<u>Шесттиот основ</u>** е применлив кога договорниот орган ќе оцени дека иако добил прифатливи понуди, ниту една од нив не ги одразува реалните движења на пазарот (на пример, сите имаат цени кои се далеку повисоки од реалните кои може да се добијат наод пазарот). Во овој случај договорниот орган не треба да ја користи можноста да дообезбедува средства. Исто така, при анализата на тоа дали одредени цени се во рамки на реалните на пазарот треба да се имаат предвид условите од тендерската документација кои директно влијаат врз цената, како на пример роковите за испорака и начинот на плаќање. На пример, предвиденото одложено плаќање на одреден временски период од една 1 година по испорака на предметот на набавка, нормално е да предизвика добивање повисоки цени, бидејќи носителот на набавка ќе треба да го кредитира договорниот орган за тој временски период, што чини дополнително.

**<u>Седмиот основ</u>** му дава можност на договорниот орган да ја поништи постапката доколку оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци. Но, овој основ може да се користи до моментот

на отворање на понудите.

**Осмиот основ** може да се користи кога ќе се променат потребите на договорниот орган во текот на постапката. Во пракса може да се јават ситуации кога договорниот орган ќе ги смени своите приоритети па како резултат на тоа ќе се јават нови потреби кои се поприоритетни од тие за кои е отпочната постапката, или може да се променат количините и слично. Сепак, треба да се има предвид дека доколку постапката се поништи по овој основ, договорниот орган нема да може да распише нова постапка за истиот предмет на набавка во наредните шест месеци.

**Деветтиот основ** се однесува на битни повреди на законот кои го оневозможуваат договорниот орган успешно да ја заврши постапката. Така, на пример, можеби е сторена битна повреда на законот при дефинирање на условите од тендерската документација, а одговорното лице при анализа на документацијата кога одлучува дали да го прифати предлогот за избор најде дека станува збор за битна повреда која не може да се отстрани во завршната фаза од постапката, може наместо одлука за избор да донесе одлука за поништување врз овој основ. Се разбира, таквата одлука може да ќе биде предмет на жалба и доколку ако економскиот оператор што требало да биде избран смета дека нема битна повреда на законот, а и со одлуката за поништување му се нарушува правото од учество, може да поведе жалбена постапка за да се поништи таа одлука. Воедно, овој основ за поништување на постапката треба внимателно да се користи, бидејќи, може да создаде сериозни последици и отворање на прашањето за дисциплинска или друга одговорност на лицето или лицата што ја сториле таквата битна повреда на законот.

За поништување на постапката одговорното лице, односно лицето овластено од него, носи одлука за поништување на постапката и истата на ист начин како и одлуката за избор ја доставува која на ист начин се доставува до учесниците во постапката, како и одлуката за избор. Против одлуката за поништување учесниците имаат право на жалба, што подразбира дека известувањето или самата одлука треба да ги содржат причините за поништување на постапката.

Истовремено, договорниот орган објавува известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на ЕСЈН во рок од 30 дена од денот на поништувањето на постапката.

## 6. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

Постапката за доделување договор за јавна набавка се смета за завршена со конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката. Под поимот „конечност на одлуката за избор или за поништување на постапката", се подразбира дека е изминат периодот на мирување и не е поднесена жалба (член 208) или, ако била поднесена жалба, по завршување на жалбената постапка и добивање на одлуката на Државната комисија за жалби по јавни набавки за предметната жалба.

Договорниот орган е должен да оформи досие за постапката за секој доделен договор за јавна набавка или склучена рамковна спогодба. Досието од спроведената постапка се чува најмалку 5 години од денот на реализација на соодветниот договор за јавна набавка, односно од денот на престанувањето на неговата важност, а со досието се постапува согласно со прописите кои го регулираат архивското работење. Содржината на досието зависи од видот на постапката и од околностите кои се јавиле во текот на постапката.

Во зависност од спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, досието за постапката особено содржи:

- одлука за јавна набавка,
- претходно индикативно известување и доказ дека истото е испратено за објавување,
- оглас за доделување на договор за јавна набавка и доказ дека истиот е испратен за објавување,
- тендерска документација,
- пристигнати пријави за учество,
- комуникација меѓу договорниот орган и економските оператори,
- извештај за оценување на способноста на кандидатите,
- одлука за избор на квалификувани кандидати,
- пристигнати понуди,
- записник од јавното отворање,
- изјави за постоење/непостоење на судир на интереси,
- извештаи од надворешните стручни лица,
- извештај за извршената евалуација,
- одлука за избор на најповолна понуда,
- потпишан договор за јавна набавка или рамковна спогодба
- одговорите од производителите или економските оператори при анализа на пазарот и
- известување за склучен договор и доказ дека истото е испратено за објавување.

Треба да се има предвид дека иако не е експлицитно наведено, во досието од постапката се чува и записникот од спроведениот технички дијалог, извештајот од спроведена анализа на пазарот, барањето и добиената согласност од Советот, евентуалните жалби, договорот и друго.

Препорака: Службеникот за јавни набавки и/или организацискиот облик треба да знаат каде се чува документацијата од спроведените постапки.

Внимание!!! Во постапка за правна заштита Државната комисија може да ја поништи одлуката и целата постапка од причини што во постапката за доделување на договор за јавна набавка е причинета таква неправилност која е причина за поништување според одредбите на Законот за јавните набавки и Законот за општата управна постапка. Во тој случај, договорниот орган не носи посебна одлука за поништување на постапката, бидејќи истата со одлука на Државната комисија за жалби е поништена. Во овој случај, во досието за постапката треба да се чува и одлуката на ДКЖЈН.